TITAN
CEMENTARNICA USJE

***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати  и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Референт за животна средина**

Референтот за животна средина ќе биде задолжен за имплементација на добри практики за постапување со отпад и ред и чистота во фабрика со цел заштита на животната средина. Земање на примероци за анализа од мерните инструменти. Учество во изготвување на дневни, неделни и месечни извештаи. Соработка со сертифицирана компанија која се грижи за функционирање на мерните инструменти. Се грижи за правилно функционирање на пречистителната станица за вода. Организирање и следење на одржувањето на зелените површини во кругот на фабриката, учество во спроведување на плановите за хортикултурно уредување во фабриката и рекултивација на искористените делови од рудниците.
Основната нето плата за работното место е од 32.500 денари. Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување, додатоци прекувремена работа, како и бонус за успешно работење.

**Потребни квалификации:**

- Средна стручна подготовка, IV степен
- Работно искуство од 1-3 години во индустрија ќе се смета за предност
- Познавање на MS Office
- Познавање на англиски ќе се смета за предност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**

1. Мотивациско писмо
2. Биографија (CV)
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на Цементарница УСЈЕ http://www.usje.mk во делот „Придружете ни се“ или на меил hr@usje.mk**
Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.